# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН






**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**21-28 март 2024 Билтен бр. 558**

# УЧИЛИШТАТА ОД КАРПОШ ЌЕ КОМПОСТИРААТ ОРГАНСКИ ОТПАД ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

**Поттикнати од соработката со невладини здруженија кои работат на проекти од областа на екологијата, Општина Карпош набави 10 ротирачки компостери кои ги постави во дворните места на сите основни училишта, кои се во нејзина надлежност. Станува збор за уреди од француско производство составени од два ротирачки барабани со волумен од 190 литри (секој), кои можат безбедно можат да ги користат и помалите ученици. Покрај одржување на здравата животна околина, на овој начин компостот кој ќе се произведе во овие садови ќе послужи за уредување на училишните дворови. Гледано од едукативен аспект, основците практично се запознаваат со процесот на компостирање на органски материи од растително потекло, но исто така стекнуваат и добри практики за паметно управување со отпадот преку селектирање на отпадните органски материи и остатоци од храна.**

**Набавката на десетте компостери ја чинеше локалната самоуправа околу 480.000 денари, а истата е дел од Локалниот еколошки акционен план 2 за 2023 година, којшто го спроведува Секторот за екологија и енергетска ефикасност од Општина Карпош.**

**По тој повод на 21 март во рамки на ООУ „Димо Хаџи Димов", претставниците од Секторот за екологија и енергетска ефикасност и членовите од Здружението „Центар за ресурси во животната средина – РЕЦ", го презентираа проектот „Заедно во акција за селектирање, реупотреба, рециклирање и компостирање". Имено, во рамки на овој проект кој го имплементираше тимот на РЕЦ, беа одржани работилници во сите основни училишта во Карпош, каде основците и наставниот кадар се запознаа со начините на селекција и одвојување на отпадот. Притоа, беа посочени и придобивките од процесот**



# ООУ „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ ОДБЕЛЕЖА 67 ГОДИНИ ОД СВОЕТО ОСНОВАЊЕ

**Со пригодни активности и свечена приредба, вчеравечер, учениците и наставниците од ООУ „Владо Тасевски“ го одбележаа патрониот празник на своето училиште, во чии рамки се одржа и ликовно – литературен конкурс на тема „Ја сакам мојата татковина“. Во оваа пригода, основците беа дел и од спортските активности во кошарка, женска одбојака, пинг – понг и шах, каде постигнаа успешни резултати.**

**Свечената приредба „Ја сакам мојата татковина“ ја отвори директорката Викторија Кочевска која ги поздрави присутните со пригоден говор, истакнувајќи дека е потребно да ги учиме нашите деца да си ја сакаат татковината и мајчиниот јазик.**



# ЗАПОЧНА МЕЃУНАРОДНИОТ ШАХОВСКИ ТУРНИР „КАРПОШ РАПИД 2024“

**Во хотелот „Александар Палас“ на 24 март стартуваше интернационалниот викенд-турнир во шах, кој го организира ШК „Гамбит Ассеко СЕЕ“ под покровителство на Општина Карпош. Во рамки на денешниот настан, силите на шаховската табла ќе ги одмерат околу 170 шахисти од земјава и регионот, меѓу кои се натпреваруваат и неколку велемајстори. Станува збор за турнир којшто е од отворен карактер и истиот се игра по Швајцарски систем на натпреварување во девет кола, според пропишаните правила на ФИДЕ за забрзан шах.**

**Општина Карпош традиционално го поддржува спортот, па така и годинава за реализација на овој шаховски турнир обезбеди финансиски средства од својот буџет во висина од 150.000 денари. Притоа, наградниот фонд на турнирот изнесува 94.000 денари, којшто е распореден на 10 главни награди. Главен судија на турнирот е интернационалниот арбитар Сашко Лакински, а темпото на игра е 15 минути по натпреварувач со 5 секунди додавање за секој одигран потег, почнувајќи од првиот.**



# ЉУБОМИР ДАНОВ – ПОБЕДНИК НА „КАРПОШ РАПИД 2024“

**По победата над својот ривал во последното деветто коло на „Карпош Рапид 2024“, Бугаринот Љубомир Данов ја потврди својата доминација на шаховската табла и го освои првото место на овој Меѓународен турнир кој се одржа викендов во хотелот „Александар Палас“. Второто место го освои бугарскиот Велемајстор Петар Дренчев, додека пак за третата позиција се избори македонскиот ФИДЕ мајстор Дејан Динев. Награди освоија и четвртопласираниот Дејан Стојановски (МКД), петтопласираниот Милош Станковиќ (СРБ), потоа, Филип Михов (МКД) кој го освои шестото место, Атанас Кизов кој се најде на седмата позиција, осмопласираниот Драгољуб Јачимовиќ (МКД), Тони Лазов (МКД) кој се позиционираше на деветтото место, како и десеттопласираниот Михаило Ѓокиќ од Србија.**

**Во рамки на турнирот, посебни награди добија и шесторица натпреварувачи кои беа класифицирани во неколку различни категории. Имено, за најдобро пласирана шахистка беше прогласена Драгана Николовска (МКД), а за најдобро пласиран јуниор под 18 години беше прогласен Антон Златков од Македонија. Во категоријата најдобро пласиран ветеран над 65 години доминираше Бугаринот Методи Стоинев, а за најдобро пласиран играч без меѓународна титула со рејтинг до 2100 беше прогласен македонскиот шахист Ванчо Спасов. Во категоријата најдобро пласиран играч без меѓународна титула со рејтинг до 1900, убедлив резултат постигна Павел Крстевски (МКД), додека пак, Никола Радоњанин беше прогласен за најдобро пласиран играч – жител на општина Карпош.**

**Инаку, на овогодинешниот турнир „Карпош Рапид 2024“ којшто е од меѓународен карактер, учествуваа шахисти од Македонија, Косово, Србија, Бугарија и Германија.**



# КАРПОШ ЌЕ ЈА ОБНОВУВА ПОСТОЕЧКАТА ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ПРЕД ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИТЕ

**Со самото доаѓање на пролетта кога се очекува да се создадат поволни временски услови за работа, Општина Карпош ќе започне со акција за обновување на постоечката сообраќајна хоризонтална сигнализација. Станува збор за повторно обележување на пешачките премини и сообраќајни ознаки на коловозот, лоцирани пред сите основни училишта и детски градинки кои функционираат на тероторија на локалната самоуправа. На овој начин, Општината сака да го зголеми нивото на безбедност во сообраќајот особено околу воспитно – образовните институции. Притоа, Општина Карпош апелира и до лицата кои управуваат со моторни возила, да се однесуваат одговорно и да ги почитуваат пропишаните правила за учество во сообраќајот.**